РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- Министерство за европски прашања-

# ПРАВИЛНИК
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за европски прашања

Април 2025 година

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19, 14/20 и 208/2024), Министерот за европски прашања, донесе

ПРАВИЛНИК
за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за европски прашања

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за европски прашања под број 01-1127/1 од 01.08.2024 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот на систематизација на работните места во Министерството за европски прашања под број 01-1127/4 од 15.11.2024 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот на систематизација на работните места во Министерството за европски прашања под број 01-1127/ од 27.12.2024 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот на систематизација на работните места во Министерството за европски прашања под број 01-51/3 од 09.01.2025 година.

Член 2

Во Член 11, дел III.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА, кај Б. СЕКТОРИ, точка 2. СЕКТОР ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И ПОДДРШКА НА ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ, Одделение за стратешко планирање, градење на политики и мониторинг и техничко спроведување на ЕУ проекти кај работното место со реден број 48 шифра УПР0101В01000 Советник за стратешко планирање, градење на политики и мониторинг и техничко спроведување на ЕУ проекти во делот Вид на образование, зборовите Високо образование се заменуваат со зборовите “Хуманистички науки и уметности-Јазици и книжевност” и во делот други Посебни услови се додаваат зборовите-“Сертификат за канцелариско и архивско работење”.

Член 3

Во Член 11, дел III.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА, кај Б. СЕКТОРИ, точка 6. Сектор за општи и правни работи, Одделение за јавни набавки, кај работното место со реден број 127 шифра УПР0101В04000 Помлад соработник за спроведување на постапка за јавни набавки, во делот Вид на образование, зборовите Високо образование се заменуваат со зборовите Општествени науки- Право ”,и во делот други Посебни услови се додаваат зборовите--“Сертификат за канцелариско и архивско работење”.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за јавна администрација.

Бр. 01/51/16
16.04.2020 година

**Orhan Murtezani**

**Министер за европски прашања**
**Ministër për Çështje Evropiane**

Подготвила:Хирмете Мусли
Контролирала: Маја Фузевска –Вељановска
Одобрила:Арлинда Ѓакова